број 15 | 2020

roma index



## ПАЦИЕНТ ИЛИ ИНФЕКТИВЕН УМ?

## АКТИВИЗАМ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА - ШТО НЕДОСТАСУВА И ШТО ДА СЕ ПОДОБРИ КАЈ МЛАДИТЕ?

Рома Индекс е електронски весник на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Како гласило на Здружението, препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, наша цел е да го информираме, едуцираме и забавуваме читателот за прашања од секојдневниот живот, поврзани со образованието, младите, ромскиот идентитет и актуелни теми и проблеми со кои се соочува општеството. Да информираме за успешни личности, но и да изградиме индивидуалци кои активно ќе бидат вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и на национално ниво.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.

За издавачот:
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005

Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:
М-р Кристијан Ангелков, Проектен менаџер
Надир Усеин, Асистент на проектот
Шенас Имер, Административен асистент на проектот
Селика Аљиљи, Заменик Финансиски офицер

Контакт:
Адреса: „11 октомври“ бр.8/1-2, 1000 Скопје Телефон: 076/22 55 68
e-mail: office@romaversitas.org.mk

# НОВИНАРСКИ ТИМ:

Одговорен уредник за Рома Индекс бр.15



**ЏЕНГИС БЕРИША,** Завршени додипломски студии на Факултетот за правни науки во Битола, стекнат титулар на Правник. Моментално студент на последипломски студии на истиот факултет при Меѓународен Славјански Универзитет (МСУ) „Гаврило Романович - Державин“ во Битола.



**АРИЈЕТА ТАХИРИ,**
трета година на Медицински факултет УКИМ



**ТАЊА КРСТЕВСКА,**
во тек постдимски студии Менаџирање на човечки ресурси-Филозофски факултет-УКИМ- Скопје



**ЕРВИН МАМУТИ,**
студент во втора година,
на правни студии во Јустинијан Први-Скопје



**АЛМИРА ФАСЉИИ,**
дипломирана новинарка,
моментално вработена во Ромаверизатас

# ИНФО

*автор: Тања Крстевска*

## НРЦ со бесплатна правна помош за социјално ранливите категории на граѓани

Здружение Национален ромски центар од Куманово, денеска пред Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ во Куманово одржа отворен информативен ден, на кој го презентираше проектот кој нуди  бесплатната правна помош на ромската популација и други категории на социјално ранливи граѓани. Главната цел на проектот „Зајакнување на пристапот до бесплатна правна помош за Роми и други ранливи категории" е да се подобри пристапот и да се подигне свесноста на граѓаните за бесплатна правна помош...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Денес навршија 77 години откако 550 евреи од штипско биле одведени во логорот на смртта Требленика

Треблинка бил логор на смртта на Нацистичка Германија во окупираната Полска за време на Втората светска војна. Повеќе од 750.000 Евреи, Роми и други жртви на холокаустот биле убиени во Треблинка помеѓу јули 1942 и октомври 1943 г. Логорот бил сместен 100 km североисточно од Варшава, 2,5 km од местото Треблинка. Логорот бил организиран во два дела: Треблинка I и Треблинка II...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Интервју со Сибел Бајрам, активистка Ромите не се проблем, туку се потенцијал што треба да се искористи за напредок

Желбата за успех и за докажување дека сум еднакво добра, па во некои работи и попрофесионална од останатите неРоми, покажувањето дека и Ромите се образуваат, се вредни, чесни, успешни и професионални во она што го работат, ме водеше и одржуваше во мојата желба и мисија да учам, постојано да се надоградувам, да посетувам различни семинари и обуки и што е најважно, кога сум во друштво со неРоми на реченицата „Ти си поразлична од другите Роми“, да одговорам дека јас сум претставник на таа етничка заедница и дека времето се смени, има повеќе образовани Роми, има добро ситуирани Роми и јас сум горда на нив вели Сибел во интервјуто за Слободен печат...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Интервју со Сирхан Усеин: На младите им недостасуваат унии и мрежи во кои етничките и културните разлики би биле надминати

Неодамна, Усеин помина низ една непријатна животна епизода, кога физички беше отстранет од еден од автобусите на ЈСП во Скопје поради наводно непоседување месечна карта. Тој настан, недвосмислено имаше врз него секакви можни последици, особено тие психичките, меѓутоа и правно-политички, кои според него го стиму-лираа да размисли околу третманот на опште-ството и државата врз него и врз етничката заед-ница во којашто тој припаѓа...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

# ИНФО

*автор: Тања Крстевска*

## Доделени 286 стипендии за првооделенчиња Роми

Вкупно 286 стипендии беа доделени на ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2019/2020 година во рамки на проектот „Редовно на часови: Акција за вклучување на Ромите во основното образование“. Проектот е имплементиран од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија заедно со своите партнери Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор. Проектот за стипендиите е финансиран од Европската Унија...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Да им се помогне на најзагрозените Роми, сега (вонрендна состојба), не само кога им требаат гласови

Претседателот на Народна партија на Ромите и кандидатот за пратеник, Геге Демировски, подели храна на најзагрозените кои се сместени во „Момин поток“ и Шуто Оризари. Тој ги повика надлежните да им помогнат на најзагрозените кои едвај преживуваат во овој кризен период на корона вирусот. Тој истакна дека ќе подели по една вреќа брашно на најзагрозените, донација од еден граѓанин Албанец, бидејќи во овој момент не е битна нацијата како што вели, битно е да се биде хуман и да се помага...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## ЦЕДАВ: Државата да исплати обесштетување на шест бремени Ромки кои биле иселени без предупредување

Комитетот на ОН за елиминација на дискри-минацијата врз жените (ЦЕДАВ) одлучи во корист на шест млади Ромки, во два засебни случаи кои во август 2016 година беа истерани од своите домови без предупредување додека беа бремени, соопшти Европскиот центар за правдата на ромите (ЕЦПР)...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## МОН објави кокурс за прием на средношколци во јавните ученички домови во 2020/2021

Министерството за образование и наука објави Конкурс за прием на ученици во 18 јавни ученички домови во учебната 2020/2021, во кои учениците од средно образование ќе бидат сместени и ќе имаат исхрана. Учениците кои ќе се пријавуваат на Конкурсот треба да пополнат електронска пријава поставена на интернет порталот www.konkursi.mon.gov.mk. Рокот за електронското пријавување на учениците кои се запишани во II, III, IV година почнува од 24 јуни и трае до 1 јули 2020 година. Рокот за електронското пријавување на учениците кои се запишани во I година почнува од 2 јули и трае до 9 јули 2020 година...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

# ПАЦИЕНТ ИЛИ ИНФЕКТИВЕН УМ?

*автор: Аријета Тахири*

**Бори се или бегај! Емоционална реакција кога телото се подготвува за опасни околности по животот. Истражувањата на невролозите го докажуваат ова со каскада сигнали кои се создаваат во мозокот и патуваат низ телото. Но, колку постои реална ситуација за да се создаде ваква каскада на страв и паника? Во вакви услови кога е прогласена пандемија, почнува да се јавува инстинктот на човековото битие за преживување. Прашањето е колку ние сме во таква реална ситуација која бара да создаваме начини за преживување кога слушаме дека постои опасност од вирус кој носи жртви? Стануваме пациенти или околината ни го инфицира умот со хаос и паника и ние го дозволуваме тоа?**

Сите психолози во состојби на имагинарен страв советуваат да бидеме присутни во сегашноста. Свесноста и вештината да се биде сега. Колку полесно ја познавате својата свесност, толку полесно живеете СЕГА. Џенет Рејнвотер, основач на Институт на Гешталт-терапија и едукатор на психотерапевтски семинар, свесноста ја дели на три дела:

1. Мозочен џагор или размислување, расудување, потсетување, фаза кога треба да бидеме свесни да не се притискаме себеси со задачи кои треба да ги завршиме. Кога ќе стигнеме, тогаш, во ваква ситуација и не ве брза никој, нели?
2. Сетилна свесност, бидете присутни во моментот, свесни за тоа што се случува околу Вас реално.
3. Телесна свесност или какви и да е - пораки што доаѓаат од вашите мускули, зглобови итн.

И сега сигурно Ви се јавува прашањето „што ако развиеме само еден од симптомите а не сме биле во контакт со никој кој пристигнал од ризичните земји и не е доволен за дијагноза? И тоа во период кога сите сме во домашна изолација?“

Не дозволувајте еден симптом да Ве натера да изгубите контрола врз сами себе. Ако сакате да бидете сигурни, јавете се на матичниот доктор. Доколку смеете - посетете го и посоветувајте се. Ќе откриете дека е психосоматска состојба. Кажано со поедноставни зборови, психологијата го објаснува ова како: „развиваме симптоми, затоа што имаме страв да не ги развиеме“. Може да се работи само за лесна форма на инфекција.

## Применувајте превентивна терапија

Слушајте жанр на музика што Ве опушта,. Пример,  џезот и не е така монотон, знае да Ве натера на размислување, инспирација и најчесто „нуди решение“ за долгоочекуваниот текст/извештај кој требаше да го напишете или други работни обврски.

Пијте го омиленото кафе/коктел (можеби сега е вистинско време да научите дома да го направите).





Заедно со кафето, прочитајте ја книгата која немавте време заради испити/работни обврски (ама можеби заради тоа..). Или гледајте ги филмовите за кои слушнавте дека се популарни од колегите а немавте можност да влегувате во така „длабоки“ дискусии за квалитетот на нивната содржина.

Поправете нешто дома кое, одамна, е скршено и сте го заборавиле. Претворете го во предмет кој ќе ви користи за друга намена. Интернетот нуди милион креативни начини.

Со колегите, пријателите, соработниците, познаниците, разговарајте за теми кои Ви биле предизвик. Најчесто сме пријатно изненадени од начинот на размислување и знаење од личност која не сме очекувале, нели?

И за крај, мала илустрација, односно метафора: не дозволувајте патот (круната) во животот да Ви биде детерминиран од (вирусот во нашиот мозок) променливи состојби кои остануваат во минатото. Не заборавајте дека тој е подемот и падот за сите наши подвизи и состојби. Лекот за сите решенија но и вирусот во нашиот ум.

Бидете сигурни дека правилно сте го „штелувале“ кога станувате наутро. Да работи во ваша корист.

Уживајте во животот и останете фокусирани на целите кои сакате да ги постигнете!

Таму сте најдобри!

ШТО Е КОВИД 19?

Припаѓа на фамилијата Coronaviridae, род Coronavirus кои се припадници на фамилијата големи РНК вируси. Корона вирусите имаат хеликална форма, таа има тенденција да се менува а РНК вирусите имаат способност за рекомбинација. Веќе може да претпоставите што следува. Под поволни услови, тој е стабилен а кога нема услови за преживување, тој се уништува како што е случајот со САРС (тежок акутен респираторен синдром). САРС, исто така, спаѓа под фамилијата Coronaviridae. Во 2002 се појавува во Кина а во 2003 се прогласува епидемијата. Зошто во Кина? Има податоци дека извор на зараза биле мачките и се пренел на човекот преку феко-орален пат(од измет преку нечисти раце во уста). Вирусот е стабилен во фецес(измет) и урина а доколку се загрее на 56 C, тогаш се уништува. Зошто сите овие податоци и која е сличноста помеѓу овие два вида? И двата вируси се уништуваат, двата имаат променлива структура (за САРС веќе знаеме дека се уништува на висока температура). Затоа, кој може да тврди дека мислењето на некои експерти не се точни и дека доаѓањето на топло време може да го уништи и Ковид 19?

# ЗОШТО РОМИТЕ НЕ ГО ГОВОРАТ РОМСКИОТ ЈАЗИК?

***автор: Ервин Мамути***

**Зошто Ромите не го говорат ромскиот јазик? Прашање кое побудува на размислување и создава најразлични емоции. Ромите имаат обврска да го чуваат и негуваат сопствениот мајчин јазик. Но, исто така, државата има обврска да создаде услови за изучување и негување на Ромскиот јазик како суштински елемент на секоја култура. Јазикот, нели е, едно од обележјата за припадноста кон една заедница.**

**И ромскиот етникум поседува вредности кои ги карактеризира како посебна етничка заедница, различна од другата: има свој јазик, култура, традиција, обичаи. Но, во воздухот лебди чувството дека Ромите не се свесни за последиците од тоа што не го употребуваат ромскиот јазик. За жал, крајниот ефект од неупотреба на јазикот е асимилација на ромската заедница.**

## Историски приказ

Зошто Ромите не го говорат ромскиот јазик? Прашање кое побудува на размислување и создава најразлични емоции. Ромите имаат обврска да го чуваат и негуваат сопствениот мајчин јазик. Но, исто така, државата има обврска да создаде услови за изучување и негување на Ромскиот јазик како суштински елемент на секоја култура. Јазикот, нели е, едно од обележјата за припадноста кон една заедница.

И ромскиот етникум поседува вредности кои ги карактеризира како посебна етничка заедница, различна од другата: има свој јазик, култура, традиција, обичаи. Но, во воздухот лебди чувството дека Ромите не се свесни за последиците од тоа што не го употребуваат ромскиот јазик. За жал, крајниот ефект од неупотреба на јазикот е асимилација на ромската заедница.

## Како е денес?

За да одговориме на ова прашање, консултирав неколку студенти, чии одговори Ви ги пренесувам во целост. Нашето прашање беше едноставно „Зошто Ромите не го говорат ромскиот јазик?“



***Ценгис Бериша***

*студент на постдипломски студии на Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија на Правен факултет*

## Возрасните не го пренесуваат ромскиот јазик на помладите

Причината поради која не се користи ромскиот јазик, иако сите знаат дека тој им е мајчин јазик, е немањето можности и услови за негово изучување. Проблемот потекнува од повозрасните, тие не го користеле и пред се, не им го пренеле знаењето на младите за тоа да се проширува. Во оваа насока, после неколку генерации, од ден на ден, почнува да исчезнува јазикот и моментално, состојбата е таква што 70 отсто од возрасните знаат да зборуваат ромски, иако применуваат многу македонски зборови. Само 10 % од младите го знаат ромскиот јазик. Има еден сериозен проблем – изминатите неколку години имаше анкетни листови за родителите чии деца се во основно образование, односно родителите да изберат дали нивните деца сакаат да го изучуваат ромскиот јазик како факултативен предмет. За жал, исходот беше негативен, односно поголем дел од родителите се изјаснија дека нема потреба да се изучува јазикот, бидејќи нема да им користи. Во оваа насока, сметам дека е нужна потребата да се воведат курсеви по ромски јазик и култура, посебно за млади и деца во училишна возраст (дури да се воведе и факултативна настава), работа на терен за информирање на повозрасните, преку примена на разни методи и креативни материјали.



**Сирхан Усеин**

*студент на Правен Факултет „Јустинијан Први“ - Скопје*

## „Нов тренд кај ромските интелектуалци“

Причината за повеќето Роми кои не го говорат ромскиот јазик е тоа што живеат во опкружувања кадешто поголемиот дел од населението не се Роми. За полесна интеграција и прифакање од средината, тие не го говорат ромскиот јазик или се срамат да се декларираат како Роми, но не и во случај кога треба да користат бенефиции кои се нудат за Ромите. Исто така, постои нов тренд кај ромската заедница, особено кај ромските интелектуалци: родителите избегнуваат да им дадат на своите деца традиционални ромски имиња. И иако возрасните го говорат ромскиот јазик, нивните деца ги учат и со нив зборуваат на македонски и на англиски јазик. Веќе е време студентите да почнат да го научат Ромскиот јазик и еден ден да речат ” Me siklilum te kerav Romane lafi.“





**Суда Дехари**

*студентка на Педагошки факултет-смер: одделенска настава македонски јазик*

## Мајчиниот јазик - важен сегмент од идентитетот

**Доколку имаме желба можеме да го научиме ромскиот јазик**

” Доколку родителите не го говорат ромскиот јазик не значи дека и детето не мора да го научи.“ Јас би сакала да се земам себеси како позитивен пример, доколку се има желба и се вложува труд може да се успее, без разлика во која околина или средина живееме. Јас сум среќна и благодарна на Ромаверзитас и пријателите кои ми помогнаа да го научам ромскиот јазик. Би сакала да ги охрабрам останатите студенти кои не го говорат јазикот а сепак сакаат и можат да научат. Секако дека мајчиниот јазик е тесно поврзан со идентитетот, но тој претставува еден дел од идентитетот. И ако не го говорат ромскиот јазик, но сепак се декларираат како Роми, горди се на фактот дека имаат свој јазик, култура, знаме и историја, се залагаат за ромските прашања, активни се во своите заедници и прават промени во ромската заедница. Пред се, не мора да значи ако родителите не знаат Ромски јазик дека и детето не мора да научи. Кога прв пат дојдов во Ромаверзитас, не знаев Ромски. Но кога се сака нешто во животот може и да се примени, без разлика во која околина или средина живееме. Среќна сум и благодарна на Ромаверзитас и на пријателите што ме «натераа» да го научам јазикот покрај тоа што правам «грешки» во зборувањето, сепак го говорам. Се надевам и останатите студенти кои не знаат Ромски, нека не се «вадат» на тоа дека повозрасните се виновни или треба да се воведе настава на ромски. Иако се согласувам да има факултативен предмет во училиште, затоа што знаењето на секој јазик е богатство за нас.

КОЛУМНА

# ВИРУСОТ ВО ПОЛИТИКАТА

*автор: Алмира Фасљии*



**И додека, минатиот месец, на големо се дискутираше за предвремените парламентарни избори што требаше да се случат, сега веќе се зборува за новиот смртоносен вирус и за тоа како да го избегнеме. Но, освен за коронавирусот, во Македонија се поприсутен и е вирусот во политиката.**

**Овој вирус во политиката е присутен веќе долго време. Нагризува, јаде, плука, сади омраза во нашите мали „небитни“ животи во големиот круг на општеството. Изгледа ќе немаш друг избор освен да кажеш – Што и да е, ќе помине?**

**Ама не поминува! И нема да помине! Уште од почетокот на оваа ситуација, која не принудува да се заклучиме дома, да гледаме како политичарите се љубоморни на лекарите затоа што ни го „крадат“ вниманието пред малите екрани и во живо, предлагаат милион и една причина да им веруваме, да бидеме сигурни дека тие ќе не спасат или да беа другите на власт, тие досега ќе не спасеа. Оваа нивна игра како да нема крај. Никогаш и немаше, само малкумина беа свесни за тоа.**

Но, вистинското прашање е каде се Ромите во сета оваа ситуација? Секојдневно слушаме дека само Ромите го добиваат ексклузивниот пакет во карантинот. Како квази новинари, а богами и квази политичари, речиси секогаш во своите изјави ја спомнуваат Шутка и нејзините жители како нај-неодговорни граѓани, кои не ги почитуваат мерките и воведениот полициски час. **Бевме сведоци на случувањата со ставање во карантин на деветемина Роми во касарната во Криволак. Од 200 луѓе што тогаш влегле во нашата држава, во карантин завршија само девет Роми.** По многуте дискусии, останува отворено прашањето: како може неколкумина да го градат и огрдуваат животот на многумина, со тоа што си ги полнат џеповите и „мислат за доброто на заедницата“? Кога велам неколкумина, секако, мислам на политичарите.

Од нашите преставници во политиката нема ниту глас. „Чат-пат“ ќе се појават позади „главните“ пред камера и толку, како да не се свесни колку им треба нивната моќ и помош во овие тешки ситуации. Кога малите бизниси на Ромите полека згаснуваат поради превентивните мерки, остануваат на милост и немилост пред времето и вирусот што не тресе без престан. Невладини органиации, граѓански движења и поединци помагаат, но колку ќе можат? Доколку продолжи оваа ситуација, кога ќе се доведе во прашање нивната егзистенција и потреби, колку истите ќе даваат корка од својот леб за другите? Оние кои цел живот се мачат да врзат крај со крај? Тие кои се влечат за уши за време на избори, до кога ќе ја издржуваат неиздржливата ситуација и ќе подлегнат?

Во овие неколку месеци видовме дека новиот вирус не поштеди никого, од познати лица, политичари, лекари се до обични граѓани. И додека тие што се поекономски стабилни до сега се покажаа дека можат да се справат со ситуацијата, најмногу страдаат најкревките граѓани, меѓу кои се и Ромите. Стигматизацијата кон Ромите отсекогаш била присутна, но во некоку наврати видовме дека Ромите се користеле за омаловажување и страв дека тие најлесно можат да се заразат. Но, во официјалните документи од Институтот за јавно здравје и МВР нема ниту еден/на Ром/ка кој е заразен или го прекршил јавниот ред и мир. Во периодот што следува, останува да видиме кон кого државата ќе се приклони и за чие добро ќе работи. Дали и Ромите ќе бидат вклучени?

**Сите многу добро знаеме која е омилената играчка на политичарите. Мхм, да, тоа се изборите. Сега кога се одложени, се наметнува прашањето што ќе стане нивна омилена играчка? Дали тоа ќе бидат секојдневните обвинувања од двете страни? Дали уште ќе се води битка на празно за кризната или вонредната состојба? Или ќе се појави трета страна на која ќе и смета се што кажаа првите и ќе понуди решенија во согласност со ситуацијата и за доброто на граѓаните?**

Во денешно време сите се експерти за се. Така, некои мислат дека Земјата се „реновира“ (не го побивам овој факт), но тие што се малку постручни во своите области, веќе ги даваат своите прогнози за уништување на Земјата, во нашиот случај на Македонија. Со нашиот и те како кревок здравствен систем, сите знаеме дека нема долго да издржиме доколку имаме повеќе од 1000 заразени.

Кога станува збор за нашата економија и за совршениот пазар, уште од моментот кога се дозна дека коронавирусот е присутен и во Македонија, таа почна да опаѓа. Тоа што со години се трудеа разноразните политичари да го донесат со воведување на поголеми плати, сигурност и кредити со мали каматни стапки, Ковид 19 „за миг, го уништи“. Голем број граѓани користат боледувања и годишни одмори, но како што сите многу добро знаеме, тие боледувања и годишни одмори не можат да се користат со недели. Откако ќе им завршат, прашање на време ќе биде кога без работа ќе останат голем број од нив. Е тогаш нашиот силен економски систем ќе претрпи големи загуби кои ќе ги почувствуваат и нашите идни генерации. Долговите во кои тоне државата, кога - тогаш ќе не потонат во длабоките води, но се тешиме дека и другите држави се задолжуваат поради пандемијата. Но, ние не сме другите држави, ние сме малечката, но силна на зборови, мајка Македонија!

**И да, коронавирусот го прикажува на виделина сето она што политичарите сакаат да го сокријат, а тоа е глупавоста. Можеби, ќе кажам само можеби, овој вирус нам на обичните смртници ќе ни донесе разборитост и можност да ги бираме стручните и докажаните лица, а не да се радуваме на „Ќе направам небото да е розево!“**



# АКТИВИЗАМ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА
## ШТО НЕДОСТАСУВА И ШТО ДА СЕ ПОДОБРИ КАЈ МЛАДИТЕ?

***автор: Џенгис Бериша***

Правник/ Студент на последипломски студии на Факултетот за правни науки во Битола, насока Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија

**Секоја криза е „лакмусов тест“ (брз метод за определување на довербата/веродостојноста) за системот на државата, без оглед на правната рамка, структурата или општествената гранка на која припаѓа. Во кризна ситуација, слабостите и судирите во рамки на демократијата, владеење на правото, правата и обврските и конкретно, активизмот како алатка, се детерминираат преку принципот за обезбедување простор за креативно и посветено ангажирање на секој чинител на општествениот поредок за преземање активности со што ќе се промени моменталната состојба.**

За појавата на кризите во секоја држава има многу причини – некои од нив искрснуваат одненадеж, други со тек на време, трети поради вонредна ситуација. Односно, некои имаат надворешни, други внатрешни причини. Некои се одразуваат на целото општествено случување, други само на одредено подрачје или територија.

**Што недостасува?** - Добро управување кое може да придонесе до тоа активизмот да спречи негативните настани да извршат влијание врз државата и граѓаните или да ескалираат на ниво на криза или катастрофа. Имено, би било премногу оптимистички да се тврди дека доброто управување може да ги спречи сите кризи, но сепак може да биде од помош, затоа што со доброто управување и применета на секаков вид активизам се придобиваат низа општествени бенефиции.

Хипотезата е дека критичните времиња во одредена држава се идеална прилика да видиме што ќе се случува во иднина. Затоа што активизмот треба да биде основна алатка и механизам на секоја држава за справување со криза. За жал, во нашата држава, активизмот не е систематизиран како механизам на државата и ни се нудат како опција. Од друга страна, многу е важно какви техники ќе се користат кога ќе се излезе на терен при утврдување на фактичка состојба.

**АКТИВИЗМОТ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА - НЕ Е БАРАЊЕ, ТУКУ КРИК ЗА ПОМОШ И СЕКОЈ ОД НАС ИМА ОДГОВОРНОСТ ДА ПОМОГНЕ НА ОНИЕ НА КОИ ИМ Е НАЈПОТРЕБНО!**



Факт е дека секој од нас (на директен или индиректен начин) сме биле вклучени во некакви акции, кампањи, јавни собири и сме имале чувство дека се случуваат „големи работи“ и дека со случувањето сигурно ќе се постигне општествена промена. Но, реалноста е многу поинаква! Секогаш е мал процентот на луѓе кои се спремни да дадат поддршка и да учествуваат во придонес на процесот и покрај очигледно алармантната ситуација. Многу често наидуваме на причината дека „моето присуство не менува ништо“.

**„Перцепцијата е реалност“ - премногу гледаме за индивидуалните, а не за колективните интереси. Иако кризата сите не засега, меѓутоа не сме сите на исто ниво!**




Клучно што недостасува е солидарноста помеѓу секоја морална индивидуа, да си подадат рака еден на друг, односно тие кои што имаат повеќе да им дадат на оние коишто имаат помалку. Само на тој начин ќе се справиме во борбата за надминување на кризната состојба за која сите се залагаме во даден момент.

Паралелно, надминувањето на кризна состојба може да се овозможи преку моделот „од младите за народот“. И намалувањето на бројот на луѓе кои се движат на улица и во продавници за да купат артикли за потребите на своето семејство ќе придонесе во напорите за надминување на кризна состојба. Дополнително, може да се направат групи граѓани (заштитени со ракавици, маски и скафандери) кои ќе купуваат за секоја улица/зграда, бидејќи само на таков начин може да се намали бројот на луѓе кои ќе се движат за да купат прехрамбени артикли или други продукти кои им се потребни.

Исто така, нужна е потребата од евидентирање на семејствата кои не можат да си купат храна и основни хигиенски средства и да се пренесат тие информации до надлежни институции и хуманитарни организации за да им се даде помош.

**Што да се подобри кај младите?** - Основната поента е активизмот што треба да биде управуван од младите луѓе како примарна движечка сила и суштински сегмент во движењето на прогресот за општествено добро. Активизам по дефиниција претставува ангажман на младите за организирање промени или придонес во справување со определена состојба. Со активно партиципирање на младите во општествените процеси се воспоставува фокусирана стратегија, се преземаат водствени улоги и застапување на определена проблематика во справување и борба против повеќе пристапи.

Кога ќе се спомене поимот активизам, тој мора да се поврзе со граѓаните, вклучувајќи ги во себе материјалните, духовните и моралните вредности. Самиот поим активизам дава сознание дека странува збор за состојба која се презема за определена ситуација, во дадено општество кое се смета за ситуизирано-евалуирано.

Преземањето акција со определена цел, односно спроведување одредена активност или комбинација на акции за да се предизвикаат посакувани и очекувани последици и резултати, означуваат целокупен активизам. Оттука, како карактеристика на граѓанското општество, активизмот значи неприфаќање на пасивната улога на која се сведени граѓаните во услови на претставничка демократија или на некој недемократски режим и нивно ангажирање за подигање на свеста околу некое прашање или влијаење врз процесот на одлучување.

**Процесот на будење активизам на граѓаните не е ниту лесен, ниту пак брз. Сепак, младите и граѓанското општеството се тука да го кренат гласот и да бидат проактивни во напорите при барањето да се надмине кризната состојба!**



Лидерот Мартин Лутер Кинг вели дека: „ Понекогаш доаѓа време кога човек мора да заземе положба која не е ниту безбедна, ниту политичка, ниту популарна, но мора да ја зазаеме бидејќи совеста му вели дека така е правилно.“

Во овој контекст, подобрувањето на активизмот на секој човек ја има главната улога за напредок на општеството, тој е столб на секоја држава, како и столб на солидарноста и достоинството. Содржината на активизмот се пренесува од генерација на генерација и тоа по пат на образование и воспитување. Таа е спротивна на варварството и на девијаштвото, како и на аберативното однесување на поедини групи луѓе.

**НИШТО НЕ СЕ МЕНУВА САМО ПО СЕБЕ, ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ПОТРУДИМЕ, А СЕКОЈ МИГ ТРЕБА ДА СЕ ИСКОРИСТИ ЗА ДА СЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПРОМЕНА КАЈ ЛУЃЕТО И ОПШТЕСТВОТО!**

ството се развива и човекот низ различни стадиуми, на кого се даваат различни значења или белези во општеството. Ниту, човекот и човештвото може да се замисли без општество-природата, ниту општеството може да се замисли, односно би било функционално без човекот;

- За да ги воспостави врските во општеството, да ги оствари своите права, интереси и потреби, народот се грижи општеството да го организира, т.е. да воспостави некаков ред и поредок;
- Денешното општество уште е наречено општество на организација, како и општество на современа цивилизација.

Синтетизирани сите параметри претставуваат постојан процес што недостасува кај младите кој што е заснован на определени вредности и насочен кон идеално утро. Активизмот е главен фактор за правење промени во општествената заедница и ќе го задржи истиот континуитет, ставајќи акцент на човековото достоинство и солидарноста, како и на




Во рамки на тоа што треба да се подобри кај младите што ќе придонесе во целокупниот процес на делување, како екстензивни поими се: општеството, народот, човештвото и културата.

- Културата го обезбедува опстанокот и претставува збир од материјални и духовни вредности кои се под влијание на традиционалните и на современите промени кои го формираат прифатливото однесување на едно општество;
- Со појавата на културата, настанал и човекот. Општо земено, со самото развивање на опште-

природната заедница штитејќи ја од најразлични штетни влијанија и справување со криза.

**Генерален заклучок за активизам во време на криза е надлежните министерства и државата да покаже отворена желба и да соработува со здруженијата на граѓани и активистите, како и со младите кои ја познаваат реалната состојба на теренот. Потоа, со видлива алокација на буџетски средства да се преземат потребните мерки, за да се применливи и достапни за крајните корисници – граѓаните.**

Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ) премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

Цели на проектот „Ромаверзитас - со поддршка и развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“:

- Да се зголеми вклученоста и квалитетот во вклучувањето на матурантите Роми на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија;

- Да се поддржат студентите Роми на додипломски студии во одржливоста на нивните студии, нивниот премин во следен семестар, нивните академски постигнувања и нивното навремено дипломирање;

- Да се поддржи личниот и професионалениот развој на студентите Роми на додипломски и постдипломски студии, и РОМАВЕРЗИТАС Алумни;

- Да се потикне и поддржи формирање на мрежа на млади Роми, како и нивно учество и активизам во сферата на високото образование;

- Да се потикне и поддржи зајанувањето на ромскиот идентитет на корисниците на проектот.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот, се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.
© Здружение на граѓани РОМАВЕРЗИТАС Македонија, 2019